**НЕТ-КОНЕКТ ДООЕЛ Скопје**

**Нацрт - ДОГОВОР**

За засновање на претплатнички однос за пристап и користење на јавните фиксни комуникациски услуги

Склучен на ден __.__.201_, во, помеѓу:

1. НЕТ-КОНЕКТ ДООЕЛ Скопје (Нет-Конект) со седиште на Бул. Партизански одреди бр.155 мез. 3, 1000 Скопје-Карпош, со e-mail адреса: office@netconnect.mk како оператор на јавна комуникациска мрежа, од една страна (во понатамошниот текст: Оператор),

и

2. Име и презиме/Име на фирма:____
Адреса/Седиште:_____
E-mailадреса:_______
Л.к.бр.: ; ЕМБ/ ЕДБ:
Жиро с-ка:
Депонентна:
како претплатник на јавни комуникациски услуги, од друга страна (во понатамошниот текст: Претплатник).

## 1. Предмет и цел на Договорот

**1.1.** Предмет на овој Договор е уредувањето на правата, обврските и одговорностите на Операторот на јавна комуникациска мрежа, од една страна, и Претплатникот како краен корисник на јавните фиксни комуникациски услуги обезбедени од Операторот, од друга страна.
Целта на овој Договор е засновање на претплатнички однос за пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на јавните фиксни комуникациски услуги на Операторот, под услови утврдени со овој Договор, со Законот за електронски комуникации (Сл. Весник на РМ39/14: 188/14: 44/15), во понатамошниот текст: Законот, Правилник за за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации(Сл. Весник на РМ бр. 16/15), во понатамошниот текст: Правилникот, и други релевантни законски и подзаконски акти и прописи.

## 2. Пристап кон мрежата и услугите на Операторот

**2.1.** По склучување на Договорот Операторот му обезбедува на Претплатникот право на пристап кон неговата јавна комуникациска мрежа.

**2.2.** Операторот се обврзува на Претплатникот да му ја активира претплатничка линија во рок од 7 работни дена од денот на склучување на Договорот.
**2.3.** Со активирање на претплатничката линија се остварува пристап до услугите на Операторот и почнуваат да течат обврските за плаќање на месечната претплата, како и другите трошоци за користење на претплатничката линија.
**2.4.** Користењето на фиксните услуги во јавната комуникациска мрежа на Операторот е можно на територијата на Република Македонија, која е покриена со мрежата на Операторот преку која се обезбедуваат фиксните услуги на Операторот. Воедно Операторот му овозможува на Претплатникот користење на основните фиксни услуги на неговата јавна комуникациска мрежа под услови и цени дефинирани во Анекс 1: Листа со тарифи, кој е приложен кон овој Договор и се дел од Договорот.

**3. Дополнителни услуги**

**3.1.** Претплатникот има право на користење и на дополнителни услуги, согласно избраниот тарифен модел. Користењето на овие услуги може да биде бесплатно или со плаќање на месечна претплата утврдена во Анекс 1: Листа со тарифи. Активирањето на дополнителни услуги за кои се плаќа месечна претплата се овозможува само врз основа на барање на Претплатникот. Дополнителните услуги кои претплатникот има право да ги активира се:

- чекање на повик;
- КЛИП (Прикажување на Идентификација на Повикувачка Линија) и КЛИР (Задржување на Идентификација на Повикувачка Линија);
- конференциски повик со 3 учесници (најмногу);
- пренасочување на повик;
- ограничување на повици;
- одбивање на анонимни повици;

**3.2.** Претплатникот може да ги деактивира дополнителните услуги од страна на Операторот на свое барање. По барањата за активирање и деактивирање на дополнителните услуги Операторот ќе постапи најдоцна 3 работни денови по поднесување на барањето. Активирањето и деактивирањето на дополнителните услуги Претплатникот ќе го врши на еден од следните начини, во зависност од видот на услугата:
3.2.1. со повикување на телефонскиот број 02 2 043380
3.2.2. со потпишување на соодветен формулар во пишана форма.
**3.3.** По поднесување на барањето за активирање и деактивирање на дополнителните услуги, Операторот треба да го извести Претплатникот за рокот во кој ќе се изврши активирање или деактивирање на дополнителните услуги, како и за дополнителните промени на терминалната опрема, доколку се потребни.
**3.4.** Цените за користење на дополнителните услуги се утврдени во Анекс 1: Листа со тарифи .
**3.5.** Претплатникот може користењето на одредени дополнителни услуги за кои не се плаќа дополнителна месечна претплата и кои автоматски му се достапни со одбирањето на тарифниот модел кој ќе го користи, да ги откаже на свое барање.
**3.6.** Надоместоците за користење на овие услуги се фактурираат во редовната месечна сметка за користење на јавните комуникациски услуги.

## 4. Цени и тарифи

**4.1.** Операторот ќе наплати од Претплатникот еднократен надомест за почетно приклучување согласно Анекс 1: Листа со тарифи кој е и јавно објавен на веб страната на Операторот и во неговите официјални продажни места.

**4.2.** Претплатникот е должен редовно да го плаќа утврдениот месечен надомест (претплата) за користење на услугите, како и надоместот за остварениот комуникациски сообраќај и дополнителните услуги што ги користи согласно Анекс 1: Листа со тарифи. Надоместот за остварениот комуникациски сообраќај се пресметува врз основа на видот, должината и цената на тарифните единици утврдени во Анекс 1: Листа со тарифи, како и врз основа на бројот на реализирани тарифни единици.

**4.3.** Бројот на тарифните единици за услугите користени од Претплатникот се евидентира и утврдува од Билинг системот на Операторот.

**4.4.** Операторот има право да врши промена на цените на услугите, видот и должината на тарифните единици и останатите услови утврдени во Анекс 1: Листа со тарифи со претходно писмено известување на Претплатникот преку предавање од страна на Операторот / Претплатникот лично, по пошта или со одобрение на Претплатникот во електронска форма, со право на Претплатникот да го раскине договорот во рок од 30 дена од денот на известување доколку не се согласува со предложените измени.

## 5. Начин на плаќање

**5.1.** За реализираниот комуникациски сообраќај и услуги и утврдените месечни надоместоци за основните услуги, како и месечните надоместоци за дополнителните услуги Операторот издава месечна фактура во пишана форма најдоцна до 15 во месецот. Плаќањето на фактурата треба да се изврши во рок од 30 дена од приемот на фактурата.

**5.2.** Во фактурата се содржани висината на надоместоците на поединечна основа, дополнителна пресметка на данокот на додадена вредност и вкупниот износ за наплата.

**5.3.** Непримањето на фактурата или непоседувањето на истата од која и да било причина не го ослободува Претплатникот од обврската да го плати износот што го должи во предвидениот рок, односно Претплатникот треба сам да ја побара фактурата, доколку истата не ја примил на време.

**5.4.** Во случај на ненавремено плаќање, Операторот има право да пресметува казнена камата од денот кога Претплатникот задоцнил со плаќањето.

**5.5.** Доколку Претплатникот не ја плати сметката за користење на услугите во рокот за плаќање определен во сметката, како и по истекот на рокот наведен во писменото предупредување испратено до Претплатникот, Операторот има право привремено да ја исклучи линијата за појдовни повици (освен за специјалните броеви на службите за итни повици), се до целосно плаќање на долгот. Додека трае привремениот прекин месечната претплата продолжува да тече.

**5.6.** Доколку долгот поради кој било извршено исклучувањето за појдовни повици Претплатникот го плати најдоцна 3 дена по истекот на рокот, вклучувајќи го и денот на исклучувањето, при повторното приклучување по намирувањето на долгот, Операторот, нема да му го наплати надоместот за повторно приклучување на претплатничката линија

која била привремено исклучена поради неплаќање, утврден во неговиот Анекс 1: Листа со тарифи.

**5.7.** Доколку Претплатникот не го плати долгот нити во рок од 30 дена од денот на привременото исклучување на линијата за појдовни повици, линијата ќе биде исклучена во две насоки (освен за специјалните броеви на службите за итни повици) и Операторот нема да обезбедува било каква комуникациска услуга на Претплатникот. Од тој момент Операторот нема да фактурира месечна претплата и има право да го раскине Договорот поради повреда на наведените услови.

**5.8.** Претплатникот има право да депонира паричен износ како аванс на жиро-сметка од која ќе се црпат средства за подмирување на обврските на плаќање на месечната фактура кон операторот. Наплатата на фактурата се врши со директно минусирање од депонираните средства.

**5.9.** На барање на Операторот, Претплатникот треба да депонира паричен износ на средства како аванс и / или гаранција, особено по исклучување на Претплатникот заради доцнење или неможност за плаќање, при склучување на претплатнички договор со претплатник кој не е државјанин на Република Македонија, или со претплатник кој нема соодветен доказ за платежна способност, за пристап до јавната комуникациска мрежа од времен карактер или при невообичаено зголемен обем на сообраќај во кус временски период од страна на Претплатникот.

**5.10.** Во случај кога при користење на претплатничката линија, Претплатникот го надмине износот од 65 ЕВРА (во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ) во период од 24 часа, Операторот мора да го извести претплатникот за ова и да побара негова согласност да продолжи да ја дава услугата, во спротивно привремено ќе ја исклучи линијата за појдовни повици. Операторот има право веднаш да бара плаќање на потрошениот износ, како и право привремено да ја исклучи линијата за појдовни повици, доколку износот не биде платен.

## 6. Враќање на парични средства

**6.1.** Операторот има обврска да му ги врати паричните средства на Претплатникот само во следните случаи:

6.1.1. доколку при засновањето на претплатничкиот однос, барателот изврши уплата на надоместокот за почетно приклучување, а потоа се откаже од намерата за засновање на претплатнички однос во периодот до активирање на претплатничката линија. Враќањето на паричните средства во овој случај се врши во целост;

6.1.2. во случај на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги поради пречки на линијата или мрежата во рамките на мрежното покривање на Операторот, Операторот ќе ги врати паричните средства во делот на претплатата и надоместоците за дополнителните услуги за износ пропорционален на времетраењето кога услугата не била обезбедувана, доколку прекинот трае подолго од три часа на целата територија на Република Македонија која е покрнена со мрежата на Операторот. Пресметаниот износ, за целото времетраење на ограничувањата или прекините ќе биде одбиен во наредната фактура на сите Претплатници кај кои постоело ограничување или прекин, без тоа да биде побарано од страна на Претплатниците. Во овој случај Операторот нема да сноси одговорност за било каква директна или индиректна штета евентуално причинета на Претплатникот, поврзана

со изгубена добивка, пропуштени можности во тргувањето, изгубен углед и други случаи, согласно Законот за облигационите односи;

6.1.3. во други случаи на основан приговор од страна на Претплатникот за утврдена неточна обработка на податоци при фактурирањето што доведува до зголемување на износот за користени комуникациски услуги, доколку Претплатникот ги има намирено сите претходни доспеани долгови кон Операторот, во висина на погрешното задолжување со вкалкулирана законска казнена камата;

6.1.4. во случај на траен престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга, кое не е по вина на Претплатникот, или во случај кога Претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, Операторот ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата и месечен надомест за користење на дополнителни услуги, по подмирување на вкупниот долг на Претплатникот.

## 7. Жалби и приговори од Претплатникот

**7.1.** Претплатникот има право на приговор против одлуките или активностите на Операторот во врска со пристапот и користењето на услугите, како и поради прекршување на одредбите од овој Договор.

**7.2.** Приговорот се доставува во писмена форма до Службата за грижа за корисници на Операторот и мора да ги содржи фактите и доказите на кои се заснова.

Приговорот од став 1 на овој член може да се поднесе во рок од 15 дена од денот на приемот на актот, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

Операторот има обврска да одлучи по приговорот во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот и за тоа писмено да го извести Претплатникот. Во случај на одбивање на приговорот како неоснован, операторот е должен на претплатникот да му издаде потврда за извршена административна и/или техничка проверка. Доколку Претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: Агенцијата).

Доколку Операторот не постапи по приговорот во рокот утврден во ставот 4 од овој член, Претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

Во случај на поднесен приговор или барање за решавање на спор пред Агенцијата во врска со износот на сметката, се до донесување на конечната одлука по приговорот или барањето за решавање на спор, Претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претплата во рокот определен во неа.

## 8. Обврски на Операторот

**8.1.** Операторот треба да обезбеди квалитетни јавни комуникациски услуги на територијата која е покриена со неговата мрежа преку која ги обезбедува фиксните комуникациски услуги, во согласност со Законот, Правилникот, и други важечки прописи, договори и акти.

**8.2.** Операторот обезбедува стручни служби и техничка опрема со цел да се обезбедат постојани, достапни и квалитетни услуги, како и да се изврши навремена детекција на

испадите во мрежата и нивно отстранување. Притоа, Операторот ќе вложува максимални напори со цел ефикасно и во краток рок да ги отстрани сите пречки и испади во мрежата.

8.3. Операторот ќе ги обезбеди сите услуги за одржување, додатоци или поврзани услуги за одржување на фиксната телефонска услуга во работна состојба и ќе дава техничка поддршка за терминалната опрема дадена на користење или изнајмена на Претплатникот.

8.4. Операторот ќе постапи по приговорот најдоцна во рок од 24 часа од моментот на примањето на приговорот во врска со квалитетот на услугите од страна на Претплатникот.

8.5. Доколку дојде до менување на условите за користење на услугите дефинирани во овој Договор, Операторот претходно писмено ќе го извести Претплатникот, во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во овој Договор како и правото на претплатникот во рок од 30 дена од денот на известувањето без последици да може да го раскине овој Договор, доколку не се согласува со предложените измени.

8.6. Операторот ќе овозможи промена на тарифниот модел, доколку Претплатникот ги исполнува условите за користење на тарифниот модел.

8.7. Операторот ќе овозможи пренос на правото на користење на комуникациските услуги на друго лице на барање на Претплатникот.

8.8. Во случај на повреда на одредбите од овој Договор, Операторот писмено ќе го извести Претплатникот дека е должен да ги исполни договорните обврски, во рок наведен во писменото известување. Ваквата обврска не важи во случаи кога Претплатникот: предизвикува моментална и сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или кога предизвикува голема материјална или оперативна штета на Операторот.

8.9. Операторот ќе обезбеди доверливост на податоците на Претплатникот, нивно чување, објавување и користење, согласно со одредбите на релевантните Закони и прописи донесени врз истите. Операторот не јасно си одговорноста за повредата на доверливоста на податоците и за последиците од тоа доколку повредата настанала без вина на Операторот.

8.10. Операторот ќе ги испраќа фактурите за користење на претплатничката линија на Претплатникот најдоцна 15дена по истекот на месецот.

8.11. Операторот ќе спроведе постапка по приговор на Претплатникот, согласно одредбите на член 7 од овој Договор.

8.12. Операторот ќе обезбеди Контакт Центар во рамките на Службата за грижа за корисници со 24 часовно работно време, каде претплатниците ќе може да се обратат за информации за услугите на Операторот на бројот 02 2 043380

8.13. Операторот овозможува идентификација и спречување на идентификација на повикувачки и повикан број на начин утврден со Закон или друг важечки пропис, како и бесплатен пристап до службите за итни повици.

8.14. Операторот се обврзува да води евиденција за податоците на своите Претплатници во согласност со Закон или друг важечки пропис, како и за локацијата (адресата) каде што е инсталирана телефонската линија. Со претходно доставено барање до Операторот,Претплатникот има право, без надомест, да избере кои негови лични податоци нема да бидат достапни за јавноста. Претплатникот има право да избере дали и во кој обем овие податоци ќе бидат јавно достапни во јавниот телефонски именик како и да ги менува или дополнува таквите податоци. Операторот нема да биде одговорен за штетите кои ќе настанат какопоследица на домашни или странски прописи (акт на јавната власт), одбивање или одложување на доделувањето на официјална лиценца, технички причини вон контрола

NET-CONNECT
eXcellence in eXchange

на Операторот, ситуации на виша сила или други настани и причини надвор од влијанието на Операторот.

**8.15.** Операторот на своите претплатници, безнадоместок ќе им доставува детална сметка за сите видови на телефонски услуги, што ги користел Претплатникот, без приказ на поединечни податоци, а по барање на Претплатникот и со приказ на поединечните податоци за сите видови телефонски услуги, во рок од пет работни дена од приемот на барањето. Доколку Претплатникот се согласи, доставувањето на деталната сметка со приказ на поединечни податоци, може да бидеизвршено во електронска форма.

**8.16.** Други обврски согласно Законот и Правилникот и другите подзаконски акти.

## 9. Права на Операторот

**9.1.** Операторот има право да наплатува надомест за почетно приклучување, месечен надомест (претплата), надомест за остварениот обем на комуникациски сообраќај и дополнителните услуги што ги користи, како и сите други надоместоци согласно цените утврдени во Анекс 1: Листа со тарифи.

**9.2.** Операторот има право да ги наплати сите пристигнати и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор согласно член 13 од овој договор.

**9.3.** Во случај на ненавремено плаќање, опервтотот има право да пресметува законска казнена камата од денот кога претплатникот задоцнил со плаќањето.

**9.4.** Операторот има право да комуницира со претплатникот исклучиво во писмена форма. Операторот комуницира со претплатникот или со лице кое има полномошно издадено од претплатникот, доколку претплатникот е физичко лице, со законскиот застапник на претплатникот или со лице вработено кај претплатникот кое за таа цел е овластено со печат и потпис од одговорното лице на претплатникот, доколку претплатникот е правно лице, во продажните салони на операторот или овластените правни лица од операторот.

**9.5.** Операторот има право од технички причини да го промени претплатничкиот број на Претплатникот и најдоцна 15 дена пред промената да го извести Претплатникот за промената и за новиот повнкуавчки број.

**9.6.** Операторот има право од своите претплатници да ги побара податоците одредени со Законот.

**9.7.** Операторот има право да ги чува, обработува и разменува податоците на Претплатникот, заради исполнување на целите на овој Договор, во согласност со релевантните Закони и прописите донесени врз основа на истите. Операторот има право да дава податоци и информации на лице со посебни овластувања од надлежни органи, со Решение во кое се наведува основата и потребата за прибирање податоци на лица со судски налог (вешто лице), инспектори при вршење на инспекциски надзор и други надлежни органи, согласно закон, како и за потребите на службите на Операторот со посебни овластувања.

**9.8.** Операторот има право статистички да ги обработува податоците за сообраќај на Претплатникот заради маркетинг на електронски комуникациски услуги и заради давање на услуги со додадена вредност.

**9.9.** Операторот има право да одбие барање за склучување на претплатнички договор во случаите определени со релевантната регулатива.

**9.10.** Операторот има право да го ограничи или прекине пристапот до сите јавни комуникациски услуги на Претплатникот, без негова согласност, во услови на неизвршување на обврските или неисполнување на условите утврдени во овој Договор како и при злоупотреба на јавните комуникациски услуги.

**9.11.** Ваквото право на Операторот особено се однесува при исполнување на едни од следните случаи:

9.11.1. Доколку Претплатникот не ја плати сметката во рокот определен за плаќање, до целосно плаќање на истата. Операторот може да изврши исклучување и на други претплатнички линии вклучени во ист претплатнички договор поради ненавремено плаќање на сметките, дури и ако другите сметки Претплатникот ги платил на време;

9.11.2. Доколку Претплатникот не ја плати месечната претплатата во случај на поднесен приговор за износот на сметката;

9.11.3. Доколку Претплатникот ја користи претплатничката линија и соодветните комуникациски услуги за давање на комуникациски услуги на други корисници со одредени надомест или на корисниците на Операторот со или без одреден надомест, без постоење на соодветен договор со Операторот;

9.11.4. Доколку тоа е потребно заради реконструкција, модернизација, одржување или во случај на технички пречки или недостатоци на мрежата;

9.11.5. Ако се утврдат технички пречки или недостатоци на претплатничката терминална опрема или инсталации, до отстранувањето на овие пречки, односно недостатоци;

9.11.6. Ако Претплатникот не дозволи преглед на исправноста на неговата терминална опрема и инсталации, до извршување на прегледот;

9.11.7. Ако Претплатникот приклучи неодобрена терминална опрема, до замена на истата со одобрена терминална опрема;

9.11.8. Доколку комуникациската услуга се користи, или е наменета да се користи за цел спротивна на Законот, прописите донесени врз основа на него или друг закон или пропис, констатирана од страна на надлежен орган;

9.11.9. Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од претплатничкиот договор.

**9.12.** За време на привременото исключување во случаите наведени во овој член, Претплатникот е и понатаму одговорен за плаќање на месечната претплата.

**9.13.** Операторот има право при повторно вклучување на исклучена претплатничка линија да го задолжи Претплатникот да плати и надомест за повторно приклучување на претплатничката линија во согласност со Анекс 1: Листа со тарифи, со исклучок на случајот предвиден во точка 5.5. на овој Договор.

**9.14.** Други права согласно Законот и Правилникот и другите подзаконски акти.

## 10. Права на Претплатникот

**10.1.** Претплатникот има право да добива непречена, ефикасна и редовна јавна комуникациска услуга.

**10.2.** Претплатникот има право да ги користи сите комуникациски услуги што ги обезбедува Операторот согласно избраниот тарифен модел.

NET-CONNECT eXcellence in eXchange

**10.3.** Претплатникот може со писмено барање да бара промена на тарифниот модел, за што плаќа надомест утарден ао Анекс 1: Листа со тарифи. Промена на тарифен модел со пониска месечна преплата е можно само по истекот на периодот за кој е склучен договорот.
**10.4.** Претплатникот има праао да бара приаремен прекин на претплатничката линија (мирување) за што плаќа надомест утврден ао Анекс 1: Листа со тарифи.
**10.5.** Претплатникот има право, со согласност на Операторот, да го пренесе праaото на користење на лретплатничката линија на друго лице, при што претходно целосно ќе бидат подмирени сите обврски за реализираните комуникациски услуги кон Операторот.
**10.6.** Претплатникот има право на достапност до Службата за грижа за корисници, лично или на за таа намена утврден телефонски број 02 2 043380 за било каков проблем кој се однесува на користењето на услугите обезбедени од Операторот.
**10.7.** Претплатникот има праао на информација за цените за приклучок и користење на јавните електронски комуникациски услуги во ценовник истакнат на аеб страната на Операторот и во неговите официјални продажни места.
**10.8.** Претплатникот има право да комуницира со Операторот согласно со член 9.4 од оаој договор.
**10.9.** Претплатникот има право до операторот да поднесе приговор ао врска со обезбедувањето на услугите, приговор на износот со кој е задолжен за обезбедеиата услуга, приговор за квалитетот на обезбедената услуга, како и приговор поради повреда на одредбите од овој договор.Приговоротгоподнесуваао пишана форма.
**10.10.** Претплатникот има право да го задржи истиот повикувачки број или да го пренесе бројот при промена на Оператор ао исто географско нумерациско подрачје (георграфска преносливост) на начин и постапка предвидена во Правилникот за преносливост на броеаи по цена утврдена во тарфиниот модел на Операторот;
**10.11.** Претплатникот има право да побара заштита на своите прввa пред Агенцијата за електронски комуникации на телефонскиот број 190;
**10.12.** Претплатникот има право да го раскине претплатничкиот договор со операторот, пред истекот на договорениот период, по сопствено барањево пишана форма. Доколку претплатникот бара раскинување на заради неисполнување на обврските од страна на Операторот предаидени ао овој договор, раскинувањето е без плаќање на казнени пенали.
**10.13.** Други права согласно Законот и Правилникот и другите подзаконски акти.

## 11. Обврски на Претплатникот

**11.1.** Претплатникот е должен навремено да ги плаќа фактурираните износи за користенитекомуникациски услуги ао роковите предвидени за тоа. Непримањето на сметката не го ослободува Претплатникот од обврската да го плати долгот на време. Во случај на недобивање на месечната сметка (фактура), Претплатникот треба да се обрати до специјализираните служби за односи со корисници или во продажен салон на Операторот и да побара изготвување на истата.
**11.2.** Претплатникот е должен да ги користи комуникациските услуги за сопствени потреби исклучиао како краен корисник и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници, да не ја користи претплатничката линија за вознемирувачки или за лажни повици и да не ја користи за цели спротивни на Законот или на друг закон и пропис, како и на условите содржани во овој Договор.

**11.3.** Претплатникот има обврска да користи само апарати и опрема кои се во согласност со прописот со кои се уредува радио и телекомуникациската терминална опрема. Претплатникот треба на барање на Операторот, да дозволи преглед на терминалната опрема и апаратот кој го користи.
**11.4.** Претплатникот треба да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на Операторот.
**11.5.** Други обврски согласно Законот и Правилникот и другите подзаконски акти.

## 12. Виша сила

**12.1.** Услугите кои ги дава Операторот можат да бидат прекинати поради дејство на Виша сила.
**12.2.** Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на Операторот, чие настапување не можело да се предвиди ниту да се спречи и поради кој исполнувањето на обврските од Договорот станало отежнато или невозможно, вклучувајќи но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани / штрајк, немири, војни / акти на јавната власт и сл.
**12.3.** Операторот не сноси никаква одговорност кон Претплатникот поради прекин на неговите услуги предизвикан од настан на Виша сила.
**12.4.** Доколку Операторот не е во можност да ги обезбедува услугите од овој договор заради виша сила подолго од три месеци, може да го раскине овој договор.

## 13. Промени на Договорот

**13.1.** Операторот има право да ги менува условите на овој Договор.За тоа треба да го извести Претплатникот во пишана форма во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените, како и за правото дека во истиот период, без известување или последици Претплатникот може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени. Се смета дека Претплатникот се согласил со промената на Договорот, доколку во рок од 30 дена од денот на известувањето, писмено не го извести Операторот дека го раскинува Договорот.
**13.2.** Доколку Операторот не постапи во согласност со овој член, тоа нема да го ослободи претплатникот од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во овој договор.

## 14. Раскинување на договорот по барање на претплатникот

**14.1.** Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со Операторот во секое време по претходно доставено барање за раскинување на претплатнички договор во пишана форма на начин определен во точка 9.4 на овој договор.
**14.2.** Договорот се смета за раскинат од денот наведен во писменото барање.
**14.3.** Претплатникот и по раскинување на Договорот ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на Претплатникот, како и за

исполнување на останатнте догоаорнн обврски, прнстнгнати пред раскинувањето на овој Договор.

**14.4.** При раскинување на претплатничкнот догоаор, претплатникот треба да ги арати комуникациските средстаа во сопстаеност на Операторот во исправна состојба која ја утврдува Операторот прн превземање на средствата.

**15. Раскинување на договоротод страна на операторот**

**15.1.** Операторотможедагораскинепретплатничкиотдоговорсо писмено известување на начин како во точка 9.4, особено:

15.1.1. Поради повреда на условите наведени во претплатничкиот договор;

15.1.2. Во случај на смрт на претплатникот, доколку правото за користење нв услугата не е пренесено на друго лице во рок од шест месеци;;

15.1.3. Кога со судска одлука претплатникот се брише од соодветниот регистар;;

15.1.4. Во случај на стечај или ликвидација, или неликвидност на претплатникот доколку правото за корнстење на услугата не е пренесено на друго лице во рок определен од страна на операторот;;

15.1.5. Вослучај на корнстење и злоупотреба на услугите од страна на претплатникот за цел спротивна на Законот за електронските комуннкации, пропнсите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган;;

15.1.6. Доколку операторот не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од три месецн.;

15.1.7. Во случајна користење и злоупотреба на услугнте од страна на Претплатникот за цел спротиана на Законот и други закони и прописи, констатирани од страна на надлежен орган;

**16. Завршнн одредбн**

**16.1.** Овој Договор се смета за склучен од денот на потпишувањето од двете догоаорнн страни.

**16.2.** Претплатничкнот однос се смета за заснован од денот на склучуаање на овој договор.Плаќањето за актнвираните услуги започнуаа одденот на активирање на услугите кои се предмет на овој догоаор, односно со денот на активнрањето на претплатничката линија.

**16.3.** Овој Договор се склучува со времетраење од најмалку 12 месеци.

**16.4.** Како составен дел на овој Договор се сметаат и обрасците н анексите кон договорот кои гн пополнуаа односно потпншуаа Претплатникот заради активирање н деактиаирање на комуникациските услуги и заради утврдување и менување на тарифнот модел предмет на овој договор и други промени на условите нaaедени во договорот, кои треба да бидат во пишана форма.

**16.5.** Како составен дел на претплатничкнот договор се сметаат и електронскнте записн од еанденцијата на операторот за нзвршено активирање и деактивирање на дополнителните електронскн комуннкациски услуги по електронски пат (повикување на телефонски број, вебстрана, електронска пошта и друго)

**16.6.** За се што не е предвидено со овој Договор, ќе важат одредбите од Законот за електронски комуникации, Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитетнајавнитекомуникацискиуслуги и останатите позитивни законски и подзаконски прописи во Република Македонија.

## 17. Решавање на спорови

17.1. Евентуалните недоразбирања кои ќе произлезат помеѓу Претплатникот и Операторот, а што се во врска или произлегуваат од овој Договор. Договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, а ако во тоа не успеат, во случај на спор надлежен ќе биде Основниот суд Скопје 2 Скопје.

## 18. Примероци на Договорот

**18.1.** ОвојДоговор е склучен во 2 (два) еднакви примероци, по еден за секојв договорна страна.

*Се огласувам Операторот да ги користи и обработува моите лични податоци кои се дел од овој Договор за целите на директен маркетинг а во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

□ ДА |□ НЕ

*Се согласувам писмената комуникација со Операторот да може да биде во електронска форма со доставa преку e-mail адресите кои се наведени на почетокот на Договорот.

□ ДА |□ НЕ

*Се огласувам Операторот да ги користи и обработува моите лични податоци кои се дел од овој Договор со цел да бидат внесени во целосниот телефонски именик, и тоа:

□ Име и презиме |□ Адреса □ e-mail адреса □ Телефонскиот број

**ПРЕТПЛАТНИК** **ОПЕРАТОР**

NET-CONNECT
*eXcellence in eXchange*

## Анекс 1 Листа со тарифи

За Договорот за услуги за Интернет Телефонија бр. ......... од .....................

Врз основа на овој договор, НЕТ-КОНЕКТ ДООЕЛ Скопје ќе му обезбеди на корисникот услуга за електронска комуникација VoIP" под следниве комерцијални услови:

1. Тарифа за приклучување:
- такса за прво приклучување = 0 МКД
- такса за второ приклучување = 200 МКД
- такса за повторно приклучување = 200 МКД
- такса за преференцијален број = 200 МКД

2. Месечна претплата:

| • | Претплата | Претплата на тарифа | Вклучен кредит | Вклучени минути во мрежата на Нет-Конект | Вклучени минути во други мрежи | Нет-Конект мрежа | Други фиксни мрежи | Други мобилни мрежи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мкд/месечно | мкд/месечно | | | мкд/мин | мкд/мин | мкд/мин |
| ☐ Избери | Net-Connect Classic | 500 | 0 | неограничено | -- | 0 | 1.2 | 10.9 |
| ☐ Избери | Net-Connect Business | 1000 | 0 | неограничено | 100 | 0 | 1.2 | 10.9 |

Услугите за одржување, додатоците или услугите поврзани со фиксната телефонија се вклучени во месечната претплата.

*Цените се соодветни на типот на избраната претплата*
** цените се без ДДВ*

3. Дополнителни услуги*

- Повик на чекање: 20 ден Месечно

- Конференциска врска со тројца учесници: 50 ден Месечно

- Идентификација на повик (CLIP): 50 ден Месечно

- Забрана за идентификација на повик (CLIR): 50 ден Месечно



Потпис на претставник на Давател на услугата ___________

Потпис на претставник на Корисник на услугате ___________

NET-CONNECT
eXcellence in eXchange

- Пренасочување на повик: 20 ден Месечно

- Забрана на појдовни повици: Сите комбинации на Забрани на повици се беоплатни

- Отфрлање анонимни повици: 20 ден Месечно

** цените се без ДДВ*

4. Меѓународни дестинации:

| Зона | Дестинација | Тарифа (без ДДВ) | Тарифа (со ДДВ) | Зона | Дестинација | Тарифа (без ДДВ) | Тарифа (со ДДВ) | Зона | Дестинација | Тарифа (без ДДВ) | Тарифа (со ДДВ) | Зона | Дестинација | Тарифа (без ДДВ) | Тарифа (со ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Австрија | 2.92 | 3.44 | 3 | Саудиска Арабија | 9.11 | 18.75 | S | Габон | 43.73 | 51.60 | S | Валис и Футу | 43.73 | 51.60 |
| 1 | Бугарија | 2.82 | 3.44 | 5 | Таџикистан | 10.98 | 12.90 | S | Гамбија | 43.73 | 51.60 | S | Куба | 43.73 | 51.68 |
| 1 | Белгија | 2.82 | 3.44 | 4 | Узбекистан | 18.90 | 12.90 | 5 | Гана | 14.22 | 21.58 | S | Науру | 87.40 | 103.60 |
| 1 | Канада | 2.92 | 3.44 | S | Американска Самоа | 43.73 | 51.60 | 5 | Гибралтар | 18.22 | 21.58 | S | Ниуе | 87.40 | 103.88 |
| 1 | Хрватска | 2.92 | 3.44 | 2 | Аргентина | 7.29 | 6.60 | 5 | Гренада | 18.22 | 21.50 | S | Норфолк Острови | 87.48 | 103.06 |
| 1 | Република Чешка | 2.92 | 3.44 | 2 | Бразил | 7.29 | 8.68 | 5 | Гвадалупе | 18.22 | 21.58 | S | Палау | 18.22 | 21.50 |
| 1 | Данска | 2.92 | 3.44 | S | Чиле | 27.33 | 32.25 | 5 | Гватемала | 18.22 | 21.58 | S | Соломонски Острови | 87.48 | 103.08 |
| 1 | Финска | 2.02 | 3.44 | 2 | Колумбија | 7.20 | 8.60 | 2 | Гуам | 7.28 | 8.60 | S | Тувалу | 43.73 | 51.60 |
| 1 | Франција | 2.02 | 3.44 | 4 | Индонезија | 10.98 | 12.90 | 6 | Гвинеја | 43.73 | 51.60 | 6 | Вануату | 43.73 | 51.60 |
| 1 | Германија | 2.92 | 3.48 | 4 | Јужна Африка | 16.98 | 12.90 | 5 | Гвајана | 16.22 | 21.50 | S | Инмарсат - Источен Атлантик Мини | 182.21 | 216.00 |
| 1 | Грција | 2.82 | 3.44 | 5 | Белорусија | 18.22 | 21.50 | 5 | Брегот на Слоновa Коска | 18.22 | 21.50 | S | Инмарсат - Западен Атлантик Мини | 182.21 | 215.08 |
| 1 | Унгарија | 2.82 | 3.44 | 4 | Бутан | 10.00 | 12.90 | 5 | Кенија | 14.22 | 21.50 | 6 | Инмарсат - Индиски Мини | 182.21 | 215.80 |
| 1 | Ирска | 2.92 | 3.44 | 2 | Египет | 7.29 | 8.60 | 2 | Лаос | 7.28 | 8.68 | S | Инмарсат - Пацифик Мини | 183.21 | 215.90 |
| 1 | Израел | 2.92 | 3.44 | 4 | Ирак | 10.80 | 13.08 | 5 | Лесото | 18.22 | 21.50 | S | Инмарсат - (SNAC) Северен Пацифик Мини | 182.21 | 215.00 |
| 1 | Луксембург | 2.92 | 3.44 | 5 | Оман | 18.22 | 21.58 | 3 | Макау | 9.11 | 18.75 | S | Источен Атлантик Мини 6 | 182.21 | 215.88 |
| 2 | Монако | 7.29 | 8.80 | 2 | Пакистан | 7.20. | 0.60 | S | Мадагаскар | 43.73 | 51.60 | 6 | Источен Атлантик Мини M | 182.21 | 215.00 |
| 1 | Холандија | 2.02 | 3.44 | 5 | катар | 18.22 | 21.50 | 3 | Малави | 8.11 | 10.75 | S | Западен Атлантик Мини 8 | 182.21 | 215.08 |



Потпис на претставник на Давател на услугата ______

Потпис на претставник на Корисник на услугата______

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Норвешка | 2.92 | 3.44 | S | Тунис | 27.33 | 32.25 | S | Малдиви | 43.73 | 51.60 | S | Западен Атлантик Мини М | 182.21 | 215.00 |
| 1 | Полска | 2.92 | 3.44 | 4 | Туркменистан | 18.98 | 12.90 | 5 | Мали | 18.22 | 21.50 | S | Инмарсат – Индиски B | 182.21 | 215.00 |
| 1 | Португалија | 2.92 | 3.44 | 5 | Обединети Арапски Емирати | 18.22 | 21.50 | 5 | Мартиник | 18.22 | 21.50 | S | Инмарсат – Индиски M | 182.21 | 215.00 |
| 1 | Русија | 2.92 | 3.44 | 5 | Јемен | 18.22 | 21.50 | S | Мауританија | 43.73 | 51.60 | S | Инмарсат – Пацифик B | 182.21 | 215.00 |
| 8 | Сан Марино | 87.40 | 103.08 | 4 | Еквадор | 10.80 | 12.98 | 5 | Маурициус | 18.22 | 21.50 | S | Инмарсат - (SNAC) Север Пацифик B | 182.21 | 215.00 |
| 2 | Словачка | 7.29 | 8.60 | 5 | Јамајка | 18.22 | 21.50 | 4 | Мајоте | 18.98 | 12.90 | S | Инмарсат - (SNAC) Север Пацифик M | 182.21 | 215.00 |
| 1 | Шпанија | 2.92 | 3.44 | 1 | Мексико | 2.92 | 3.44 | 5 | Мозамбик | 18.22 | 21.50 | 5 | Сателит Аустралија | 18.22 | 21.50 |
| 1 | Шведска | 2.92 | 3.44 | 2 | Венецуела | 7.29 | 8.60 | 4 | Холандски Антили | 10.90 | 12.90 | S | Инмарсат – Пацифик M | 182.21 | 215.00 |
| 1 | Обединето Кралство | 2.92 | 3.44 | 5 | Фарски Острови | 18.22 | 21.50 | 5 | Нова Каледонија | 18.22 | 21.50 | S | Иридиум 8816 | 364.42 | 430.00 |
| 1 | САД | 2.92 | 3.44 | 4 | Лихтенштајн | 18.98 | 12.90 | 5 | Нигер | 18.22 | 21.50 | S | Иридиум 8817 | 364.42 | 430.00 |
| 1 | Американски Девствени Острови | 2.92 | 3.44 | 5 | Авганистан | 18.22 | 21.50 | 3 | Нигерија | 9.11 | 10.75 | S | Инмарсат - Источен Атлантик AERO (Skyphone) | 364.42 | 430.00 |
| 2 | Австралија | 7.29 | 8.60 | 4 | Сирија | 18.98 | 12.90 | 4 | Реинион | 18.98 | 12.90 | S | Инмарсат - Западен Атлантик AERO (Skyphone) | 364.42 | 430.00 |
| 1 | Кина | 2.92 | 3.44 | 4 | Ангола | 18.98 | 12.98 | 5 | Руанда | 18.22 | 21.50 | S | Инмарсат - Индиски AERO (Skyphone) | 364.42 | 430.00 |
| 2 | Хонг-Конг | 7.29 | 8.60 | 5 | Бахами | 18.22 | 21.50 | S | Сенегал | 27.33 | 32.25 | S | Инмарсат - Pacific AERO (Skyphone) | 364.42 | 430.00 |
| 2 | Тајван | 7.29 | 8.60 | 3 | Бангладеш | 9.11 | 10.75 | 5 | Сејшели | 18.22 | 21.50 | S | Инмарсат - Источен Атлантик A | 364.42 | 430.00 |
| 5 | Андора | 18.22 | 21.50 | 5 | Боливија | 18.22 | 21.50 | S | Сиера Леоне | 43.73 | 51.60 | S | Инмарсат - Западен Атлантик A | 364.42 | 430.00 |
| 5 | Ерменија | 18.22 | 21.50 | 5 | Британски Девствени Острови | 18.22 | 21.50 | 5 | Шри Ланка | 18.22 | 21.50 | S | Инмарсат - Индиски A | 364.42 | 430.00 |
| 2 | Северен Кипар | 7.29 | 8.60 | 4 | Камбоџа | 10.98 | 12.88 | 5 | Свети Китс и Невис | 18.22 | 21.50 | S | EMCAT | 182.21 | 215.00 |
| 2 | Јужен Кипар | 7.29 | 8.60 | S | Комори | 43.73 | 51.60 | 5 | Свети Пјер/Микелон | 18.22 | 21.50 | S | Глобалстар | 364.42 | 430.00 |
| 4 | Естонија | 10.90 | 12.90 | S | Куба | 43.73 | 51.60 | 5 | Свети Винсент | 18.22 | 21.00 | S | Помορски Партнер Комуникации | 182.21 | 215.00 |



Потпис на претставник на Давател на услугата __________

Потпис на претставник на Корисник на услугата__________

NETCONNECT
*eXcellence in eXchange*

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Грузија | 7.29 | 6.60 | 2 | Коста Рика | 7.29 | 8.60 | 5 | Судан | 18.22 | 21.50 | S | Инмарс[illegible] - Пацифи[illegible] А | 364.42 | 430.00 |
| 4 | Исланд | 10.60 | 12.60 | S | Хаити | 43.73 | 51.60 | 5 | Суринам | 18.22 | 21.50 | S | Инмарс[illegible] - Источен Атланти[illegible] HSD | 364.42 | 430.00 |
| 3 | Италија | 9.11 | 10.75 | 5 | Хондурас | 18.22 | 21.50 | 5 | Свазиленд | 18.22 | 21.50 | S | Инмарс[illegible] - Западен Атланти[illegible] HSD | 364.42 | 430.00 |
| 3 | Латвија | 9.11 | 18.75 | S | Либерија | 43.73 | 51.40 | 5 | Танзанија | 18.22 | 21.50 | S | Инмарс[illegible] - Индиско[illegible] HSD | 364.42 | 430.00 |
| 3 | Литванија | 9.11 | 18.76 | 3 | Монголија | 9.11 | 10.75 | S | Того | 27.33 | 32.25 | S | Инмарс[illegible] - Пацифи[illegible] HSD | 364.42 | 430.00 |
| 4 | Словенија | 18.90 | 12.90 | 4 | Намибија | 10.90 | 12.90 | 4 | Тринидад и Тобаго | 10.90 | 12.90 | S | Инмарс[illegible] - (BNAC) [illegible]сен Пацифи[illegible] HSD | 364.42 | 438.00 |
| 4 | Швајцарија | 16.90 | 12.90 | 5 | Никарагва | 18.22 | 21.58 | 4 | Виетнам | 10.90 | 12.80 | S | Инмарс[illegible] - Источен Атланти[illegible] M4 | 364.42 | 430.00 |
| 4 | Турција | 16.90 | 12.90 | 2 | Панама | 7.26 | 8.60 | 5 | Замбија | 18.22 | 21.56 | S | Инмарс[illegible] - Западен Атланти[illegible] M4 | 365.42 | 430.00 |
| 4 | Украина | 10.60 | 12.90 | 2 | Парагвај | 7.26 | 8.60 | 5 | Зимбабве | 18.22 | 21.50 | S | Инмарс[illegible] - Индиско[illegible] M4 | 364.42 | 430.00 |
| 6 | Либан | 16.22 | 21.50 | 4 | Перу | 10.90 | 12.90 | 4 | Бисае Гвајана | 10.90 | 12.90 | 8 | Инмарс[illegible] – Пацифи[illegible] M4 | 364.42 | 438.08 |
| 1 | Јапонија | 2.92 | 3.44 | 4 | Филипини | 10.60 | 12.90 | 8 | Северна Кореа | 43.23 | 51.60 | | | | |
| 2 | Јужна Кореа | 7.26 | 3.60 | 3 | Уганда | 10.90 | 12.90 | S | Сенегија | 43.73 | 51.00 | | | | |
| 2 | Малезија | 7.26 | 8.60 | 4 | Уругвај | 18.60 | 12.90 | S | Асенсион | 87.40 | 103.90 | | | | |
| 2 | Нов Зеланд | 7.29 | 8.60 | 5 | Ангвила | 18.22 | 21.50 | S | Џибути | 27.33 | 32.25 | | | | |
| 2 | Порторико | 7.29 | 6.68 | 4 | Антигва и Барбуда | 10.90 | 12.90 | 5 | Еритреја | 15.22 | 21.58 | | | | |
| 2 | Сингапур | 7.29 | 8.50 | 6 | Аруба | 18.90 | 12.90 | S | Фолклендски Острови | 47.48 | 103.90 | | | | |
| 2 | Тајланд | 7.29 | 8.60 | 5 | Барбадос | 16.22 | 21.50 | S | Гренланд | 43.73 | 51.60 | | | | |
| 5 | Туркс и Кајкос | 18.22 | 21.50 | 5 | Белизе | 18.22 | 21.50 | 6 | Кирибати | 43.75 | 51.80 | | | | |
| 4 | Босна и Херцеговина | 10.60 | 12.90 | 5 | Бенин | 16.22 | 21.50 | 5 | Маршалски Острови | 19.22 | 21.50 | | | | |
| 3 | Казакстан | 16.90 | 12.90 | 3 | Бермуди | 9.11 | 10.75 | 5 | Микронезија | 18.22 | 21.50 | | | | |
| 4 | Киргистан | 16.90 | 12.90 | 4 | Боцвана | 10.94 | 12.90 | 5 | Мјанмар | 18.22 | 21.50 | | | | |
| 5 | Албанија | 16.22 | 21.56 | 5 | Буркина Фасо | 18.22 | 21.50 | 5 | Непал | 19.22 | 21.50 | | | | |
| 7 | Малта | 7.29 | 8.60 | 5 | Бурунди | 18.20 | 21.50 | S | Папуа Нова Гвинеја | 43.73 | 51.80 | | | | |
| 4 | Молдавија | 10.98 | 12.00 | 5 | Камерун | 18.22 | 21.50 | 5 | Света Луција | 13.22 | 21.50 | | | | |
| 5 | Србија | 16.22 | 21.50 | 5 | Зелен 'Р' | 16.22 | 21.56 | S | Света Елена | 87.40 | 103.00 | | | | |



Потпис на претставник на Давател на услугата ______

Потпис на претставник на Корисник на услугата______

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Алжир | 18 22 | 21.58 | 5 | Кајмански Острови | 18.22 | 21 50 | 5 | Тонга | 43 73 | 51 60 | | | | | |
| 5 | Азербејџан | 18.22 | 21.50 | 5 | Централна Африканска Република | 27.33 | 32 25 | 3 | Западна Самоа | 8 11 | 18 75 | | | | | |
| 2 | Бахреин | 7.29 | 8.60 | 5 | Чад | 18 22 | 21 50 | S | Кукови Острови | 43.73 | 51.66 | | | | | |
| 2 | Брунеи | 7,29 | 8.68 | 5 | Доминика | 18.22 | 21.50 | S | Диего Гарсија | 87.48 | 183.88 | | | | | |
| 2 | Индија | 7,29 | 8 68 | 5 | Доминиканска Република | 9.11 | 10.75 | S | Источен Тимор | 87 40 | 183.88 | | | | | |
| 4 | Иран | 10,80 | 12.98 | S | ДР Конго (Заир) | 45.73 | 51.60 | 5 | Монтсерат | 18 22 | 21 58 | | | | | |
| 4 | Јордан | 10.98 | 12.98 | 5 | Ел Салвадор | 18 22 | 21.58 | S | Сао Томе | 87.40 | 103.80 | | | | | |
| 5 | Кувајт | 18 22 | 21.50 | 5 | Екваторијална Гвинеја | 18.22 | 21.50 | S | Токелау | 87 48 | 103.00 | | | | | |
| 5 | Либија | 18.22 | 21.50 | 5 | Етиопија | 18.22 | 21.58 | | | | | | | | | |
| 0 | Мароко | 10.80 | 12,90 | 5 | Фиџи | 18,22 | 21.58 | | | | | | | | | |
| 5 | Палестина | 18.22 | 21 58 | S | Француска Полинезија | 27.33 | 32.25 | | | | | | | | | |

* *Цените се изразени во МКД без вклучен ДДВ. Првата минута е неделлива. Тарифирањето се реализира од секундата после првата минута.*

Тарифите ќе се сметаат за валидни и ќе се применуваат од датумот на потпишување на предметниот анекс од Страните.

**Корисник на услугата,**

..............................

..............................

..............................

**Законски потписник**

**НЕТ - КОНЕКТ ДООЕЛ Скопје,**

..............................

..............................

**Законски потписник**



Потпис на претставник на Давател на услугата _________

Потпис на претставник на Корисник на услугата_________

NETCONNECT
eXcellence in eXchange

## Анекс 2 – Опис на услугите

Од Договорот за услуги за Интернет Телефонија бр. ____ од ___/___/20___

### 1.Датали за извршена услуга

| I. Извршени услуги:<br>☐ Телефонска услуга VoIP<br>☐ Бесплатни броеви | II. Начин за пристап до услугите:<br>☐ Интернет<br>☐ Програм за препознавање глас<br>☐ Корисничко име и лозинка |
|---|---|
| III. Потребна опрема за пристап:<br>☐ телефонски терминал ☐ адаптер Cisco ATA186<br>☐ Медиа конвертер<br>☐ Други………… ☐ не се применува | IV. Телефонски броеви пренесени (VoIP) со планот за нумерација NCI:<br>………………………………………… |

V. Адреса на фактурирање (и известување) на Корисникот:
Адреса на фактурирање:…………………………………………
Банкарска сметка (ALL): …………………………
Банка: …………………………
Законски претставник: …………………………
Функција: …………………………
Телефон: …………………………
Факс: …………………………

*Ќе се означи согласно испорачаната услуга, односно ќе се пополнат потребните податоци во соодветните полиња од табелите I., II.,III, IV и V.

### 2. Услови за функционирање на услугите:

Оптимални услови за фунционирање на услугата VoIP се:

- загарантирана интернет конекција од 80 kbps (без компримирање)
- време на одговор < 150 ms во една насока
- џитер < 30 mo
- загуба на пакети < 1 %

### 3. Адреса, контакт податоци и информации поврзани се плаќање на фактури издадени од страна на НЕТ-КОНЕКТ

НЕТ-КОНЕКТ
Законски претставник ……………
Адреса:
Тел.:
Факс:

Банка:
ИБАН број:

4. Кредитен лимит од ……… МКД

5. Други податоци поврзани со услугите: …………………………

Корисник,
………………………………
………………………………,

Законски потписник

НЕТ-КОНЕКТ,
………………………………
………………………………

Законски потписник



Потпис на претставник на Давател на услугата ________

Потпис на претставник на Корисник на услугата________